# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

14 - 20 јануари 2019 Билтен бр. 304

# НОВИ МЕРКИ ЗА ЗГОЛЕМЕНА ХИГИЕНА ВО ОПШТИНАТА

Општина Карпош воведува нови мерки за зголемување на јавната хигиена во сите урбани заедници.

Од овој викенд, комуналните служби на Општината ќе работат и во текот на викендот, со цел да се зголеми тековното одржување на јавната хигиена.

Саботата ќе биде работен ден за хигиеничарите, а во недела се воведуваат дежурни служби.

Имајќи го предвид фактот дека хигиената и заштитата на животната средина е еден од најгорливите проблеми на граѓаните, во претстојниот период, освен викенд работата за хигиеничарите, Општината дополнително ќе постави и нови корпи за отпадоци низ населбите.

Исто така, во соработка со Град Скопје, ќе бидат поставени и нови подземни контејнери кои ќе овозможат правилно управување со отпадот. За оваа мерка, Советот на Општина Карпош одвои два милиони денари.

Во оваа прилика, ги потсетуваме сите граѓани дека е активна и телефонската линија за пријавување на електричен и електронски отпад: 070 – 236 – 000.

Освен овие нови мерки, Секторот за животна средина и енергетска ефикасност работи на воспоставување на систем за собирање на кабастиот отпад. Граѓаните навремено ќе ги информираме за локациите на собирните пунктови во нивните населби.

Локалната самоуправа апелира до сите граѓани и правни лица, посебно градежните компании, да водат повеќе грижа за заштитата на животната средина. Во спротивно, сите субејкти кои придонесуваат за загадувањето на околината ќе бидат санкционирани.



# ИНИЦИЈАТИВА ЗА СПАС И ОБНОВА НА „ПАРТИЗАН“

Општина Карпош иницираше работна средба во врска со салата „Наум Наумовски - Борче“ (Партизан), на која присутвуваа претставници од Владата на Република Македонија, Агенцијата за млади и спорт и Јавното претпријатие за стопанисување со спортските објекти.

Сите заинтересирани страни присутни на состанокот донесоа заклучок дека е потребно да се почне со иницијативата за спас на салата „Партизан“ и враќање на стариот сјај на овој објект.

Во изминатиов период, целата јавност е сведок на пропаѓањето на овој „култен“ спортски објект, кој во минатото претставуваше центар за различни спортски активности, простор во кој спортувале голем број на наши успешни спортисти, но се користел и за рекреативни цели.

Градоначалникот Стефан Богоев уште еднаш ја истакна јасната цел и определба на локалната самоуправа за обнова на објектот.

- Обновата на Партизан треба да претставува добар пример и на национално ниво како запуштените спортски објекти ги враќаме во функција. Постои волја од сите засегнати институции за конечно решавање на проблемот со оваа сала (која е дадена под концесија), но, истата секојдневно пропаѓа и се прекршени голем број на одредби од договорот за концесија.

Исто така, да нема дилеми, овој простор ќе остане со намена за спорт и рекреација. Нашата цел е навистина да биде во функција на спортот, но да биде достапна и за сите граѓани на Карпош, рече Богоев.

Владата на Република Македонија започнува процес на подобрување на инфраструктурата за спорт, кај голем дел од наменските локации и објекти ќе се дадат во владеење на општините или спортските федерации, посочија владините претставници.



Во оваа спортска сала во Карпош, во минатото се практикувале и голем број на помалку застапени спортови кај нас, како што е: гимнастиката, стрелаштвото, пинг – понгот и сл.

Исто така, во претстојниот период, Општина Карпош ќе испрати и посебна информација до Владата на Република Македонија, за моменталната состојба во која се наоѓа објектот, целта на локалната самоуправа, проекциите за стопанисување со салата и други потребни детали.

На работната средба присуствуваше и претседателот на Совет на Општина Карпош, Андреј Манолев, советниците на премиерот при Владата на Република Македонија, Ѓорѓи Тасев (советник за спорт и млади) и Даниел Димоски (советник за спорт), Томислав Андоновски (раководител на Сектор спорт при Агенција за млади и спорт) и Шпенд Хајредин (директор на ЈП за стопанисување со спортски објекти).





# СРЕДБА, БОГОЕВ – ГРГИЌ: РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА И ПОГОЛЕМА СОРАБОТКА

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев денеска имаше средба со градоначалникот на хрватската општина Нова Градишка, Винко Гргиќ.

На средбата се разговараше за актуелните случувања во општините, но и облиците за подлабока соработка меѓу локалните самоуправи.

На оваа средба претходеше склучувањето на трилатерален меморандум за соработка меѓу Општина Карпош – Општина Крушево – Општина Нова Градишка.

Имено, општините се обврзаа на поголема соработка во областа на образованието, културата, туризмот и спортот.

Градоначалникот Богоев се осврна на повеќе аспекти од работењето на локалната власт. Тој ги запозна присутните и со политичкиот систем во Република Македонија, начинот на кој се избираат носителите на јавна функција, но и со актуелните проблеми во Карпош и во главниот град Скопје: јавната хигиена, загадениот воздух и урбанистичкото планирање.

Градоначалникот Гргиќ напомена дека Хрватска го решила прашањето со отпадот на многу ефикасен начин. Сите граѓани кои го селектираат отпадот добиваат повратни средства од државата и ова, на буквален начин, ја „исчисти" нашата држава, рече Гргиќ.

Исто така, се зборуваше и за клучните проекти во Карпош, како што е изведбата на новиот парк кој во најголем дел ќе се гради со неповратни средства од Европската Унија. Европските фондови помогнале многу и на Нова Градишка, во нејзиниот развој и подобрување на квалитетот на живот.





Секако дека, една од главните причини за оваа посета е и одржувањето на Меморијалниот турнир во мал фудбал во чест на нашата музичка легенда Тоше Проески, кој се одигрува овој викенд, во Карпош, а главен покровител е токму локалната самоуправа.
Имено, Нова Градишка е општината каде што Тоше трагично го загуби својот живот, а токму Карпош е последното негово место на живеење.
Денеска сме сведоци дека Тоше сеуште поврзува различни култури и држави.
На средбата присуствуваше и претседателот на Совет на Општина Карпош, Андреј Манолев, како и Борислав Видошиќ, заменик градоначалник на Нова Градишка, Влатко Греинер – советник во Градскиот совет во Нова Градишка и Далибор Марковиќ – претседател на Економскиот совет во Нова Градишка.



# ЗАПОЧНА МЕМОРИЈАЛНИОТ ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ ВО ЧЕСТ НА ТОШЕ ПРОЕСК

Денеска, започна десетиот Меморијален турнир во мал фудбал во чест на Тоше Проески. Во спортската сала „Форца" ќе се одиграат натпреварите меѓу екипите од Македонија, Хрватска и Албанија.

Главен покровител на турнирот е Општина Карпош, а организатор е Здружението на стопанственици Власи „Мандра".

За прв пат, од оваа година, овој турнир во чест на нашата музичка легенда доби и меѓународен карактер.

На отворањето на турнирот, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев говореше за значењето на оваа спортска манифестација.

- Тоше беше и сеуште е нашата најголема музичка ѕвезда. Уметник кој беше пример за сите генерации. Личност која сите го сакаа, а неговата хуманост и солидарност секогаш беа во преден план.

Нашата обврска денеска е да го негуваме неговото дело. Преку ваков вид на спортски настани да се потсетиме на вредностите кои Тоше ги споделуваше, на ферплејот, спортскиот дух, позитивната енергија, рече Богоев.

На отворањето присуствуваше и градоначалникот на Општина Нова Градишка, Винко Гргиќ, како и претставници од оваа хрватска општина каде што Тоше трагично го загуби својот живот.

Сепак, овој турнир е добра потврда за унапредување на соработката меѓу Опшина Карпош и Нова Градишка. Токму ликот и делото на Тоше Проески и денеска придонесуваат да се прави мост на соработка меѓу различни култури и држави.

Натпреварите ќе се одиграат во текот на викендот и сите заинтересирани граѓани имаат можност да ги проследат.



# ТРАДИЦИОНАЛНО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА „БОГОЈАВЛЕНИЕ – ВОДИЦИ“

Во населбата Долно Нерези, во Општина Карпош, традиционално се одбележа христијанскиот празник „Богојавление - Водици“.
Настанот се организираше во соработка со соседната општина Ѓорче Петров.
На фрлањето на крстот од „Железниот мост“ присуствуваа поголем број на граѓани од двете општини, меѓу кои и градоначаникот на Карпош, Стефан Богоев и членови на Советот од двете локални самоуправи.
По повод верскиот празник „Водици“, градоначалникот Богоев на сите граѓани им посака добро здравје, среќа и благостојба.





# ТОШЕ ГИ СПОИ КАРПОШ И НОВА ГРАДИШКА

Ликот и делото на Тоше Проески ги спои Општина Карпош и хрватската општина Нова Градишка.

Денеска, заврши десетото издание на Меморијалниот турнир во мал фудбал во чест на Тоше Проески. Главен покровител на турнирот беше Општина Карпош, а организатор е Здружението на стопанственици Власи „Мандра“.

За прв пат, оваа година турнирот доби и меѓународен карактер, при што покрај екипите од повеќе македонски градови, учествуваа и екипи од Хрватска и Албанија.

Првото место го освои екипата од Нова Градишка, второто место му припадна на тимот од Корча (Албанија) и третото место за екипата од родното место на Тоше, Крушево.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев зборуваше за вмрежувањето и соработката со Нова Градишка.

- Тоше и денеска спојува и поврзува! Како резултат на неговиот лик, дело и хуманост воспоставивме соработка со Нова Градишка.

На мое големо задоволство, успеавме турнирот да добие и меѓународен карактер, затоа што Тоше беше личност – космополит, отворен за сите!

Продолжуваме со поддршката на овој турнир, рече Богоев.

На доделувањето на трофеите се обрати и градоначалникот на Нова Градишка, Винко Гргиќ кој се заблагодари за целокупната организација и гостопримството на локалната самоуправа.

Во текот на целиот турнир гостите уживаа во песните на Тоше кои беа изведувани од талентирани млади ученици „Бона Деа“.






